Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.41-9895/6
8 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**3570.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), а во врска со член 7 став (1) точка 4) од Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/21, 300/21, 74/22, 211/22 и 218/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКА ВО УСЛОВИ НА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Во Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-9775/3 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.232/22), во членот 1, зборовите „јавните претпријатија од областа на водоснабдување" се заменуваат со зборовите „трговските друштва од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување, како и јавните претпријатија од областа на водоснабдување, наводнување и одводнување".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-10078/3
8 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**3571.**

Врз основа на член 19 став 1 точка 5) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТРАНСКИ ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ УЧЕСТВО НА ОБУКА ВО БЛИСКА ВОЗДУШНА ПОДДРШКА СО ВОЗДУХОПЛОВИ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ НА АРМИСКИОТ ПОЛИГОН „КРИВОЛАК"**

1. Се одобрува влегување и престој на 10 (десет) припадници на вооружените сили на Соединетите Американски Држави, со четири воздухоплови F/A-18 на територијата на Република Северна Македонија, заради учество на обука во блиска воздушна поддршка која ќе се одржи на Армискиот полигон „Криволак" на 16 и 18 ноември 2022 година.
2. Финансиските трошоци за користење на Армискиот полигон „Криволак" од страна на припадниците на вооружените сили на Соединетите Американски Држави ги обезбедуваат вооружените сили на Соединетите Американски Држави.
3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-10284/3
12 ноември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**3572.**

Врз основа на член 41 - а став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ВЕЖБАТА „TORREJON ADVANTAGE 2022-2", ВО КРАЛСТВО ШПАНИЈА**

1. За учество на вежбата „Torrejon advantage 2022-2", која ќе се одржи во Кралство Шпанија, во период од 14 до 18 ноември 2022 година, се испраќа еден припадник на специјалните сили на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).
2. Финансиските трошоци за сместување, исхрана, дневници за службено патување, транспорт и патничко осигурување на припадникот на Армијата, ги обезбедува Министерството за одбрана.
3. Подготовките и организацијата на припадникот на Армијата, ги врши Министерството за одбрана.
4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-10285/3
12 ноември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**3573.**

Врз основа на член 6 став (3), а во врска со член 9 став (1) алинеја 1 од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 ноември 2022 година, донесе